# ОПИСЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025

**Завршен годишен извештај за 2025 година**

**Спроведени активности**

**Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Република Македонија**

Ул. Коста Новаковиќ, 22а, Скопје

Тел/факс + 389 (0)2465 316
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

Скопје, март 2026

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 3

ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК ........ 5

2.1 Ало Бушавко - телефонска линија за поддршка на деца и млади 070 390 632 ........ 5

2.2 Социјален сервис/поддршка за ранливи групи деца ........ 7

ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 8

МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА ........ 14

ПРОЕКТ ,,ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА” ........ 15

ПРОЕКТ „ЦЕНТАР ЗА ПОБЕЗБЕДЕН ИНТЕРНЕТ- MkSafeNet” ........ 18

ТОМАС - КОН УСОГЛАСЕНО ЗАКОНОДАВСТВО ПРОТИВ СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ.. 21

УЧЕСТВА/ПОСЕТИ/АКТИВНОСТИ ........ 24

## ВОВЕД

Пред вас е организацискиот описен Годишен извештај за 2025 во кој и оваа година ќе забележите силни организациски напори да се влијае на подобрување на состојбата на децата и младите во Македонија.

**Мисијата** на МЕЃАШИ е да ги застапува и заштитува правата на децата, да поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, да го зајакнува граѓанското движење за правата на децата и волонтерството, детското учество и да се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. МЕЃАШИ го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

**Визија**: Поправеден свет за секое дете

**Мото** на организацијата е *„Сите идеали на светот побезначајни се од солзите на едно дете*“.

На поле на организацискиот развој и во 2025 е постигнат значаен напредок, што беше плод на заедничка работа на вработените, волонтерите/ките и членовите на Собранието кое воедно игра значајна улога во управувањето на организацијата. Во 2025 година Собранието се сретна три пати, додека поединечните консултативни средби со членовите се одржуваа во континуитет. За истакнување е и дека минатата година организацијата го доби одобрувањето за употреба на европскиот број 116 111, со што децата и младите од Македонија ќе ги уживаат истите придобивки како и останатите деца од регионот. Дополнително, важно е да се спомене дека во 2025 ни се придружија уште шест нови волонтери/ки и 4 практиканти - студентки, повеќето во работата на Ало Бушавко, кои беа воведувани во работата и менторирани од стручни лица.

Детската амбасада МЕЃАШИ и во 2025 продолжи активно да ги следи случувањата во државата во поглед на потребите на децата и родителите и излегуваше во јавност со реакции и осуди кога имаше нарушувања на правата на децата. Своите ставови ги претставувавме преку социјалните мрежи и чести објави и настапи на националните и локалните медиуми.

**Организациски вредности**

Во 2025 година Детската амбасада МЕЃАШИ продолжи да ги негува вредностите на кои се темели работата на организацијата. Да потсетиме и овојпат на некои од нив:

**Мир и ненасилство.** Мир е активен концепт кој вклучува постојано делување, обновување на односи помеѓу спротивставени страни, воспоставување на општествен систем кој им служи на сите во заедницата, конструктивно (ненасилно) решавање на општествените конфликти итн. Ненасилството подразбира почитување на животот, активно и доследно залагање на ненасилни начини да се препознава и спречува насилството. За МЕЃАШИ мирот е поширок концепт од отсуство на војна или вооружени конфликти. Меѓаши работи на намалување на она што предизвикува, директно или индиректно, разни облици на неправди и насилство во општеството, ја негува моќта на соработката и ги зајакнува и поттикнува луѓето на дејствување.

**Партиципацијата** (учество, вклученост) подразбира децата и возрасните да имаат можност да учествуваат во одлучувањето за прашања кои се од нивен интерес. Децата имаат право да добијат поддршка за да учествуваат во одлучувањето. На ниво на организацијата, вклучувањето на децата во планирањето на работата и спроведувањето на активности е од клучно значење.

**Принципот на еднакви можности** значи дека сите деца треба да имаат еднаков пристап до придобивките од општествените, економските, политичките и техничко-технолошките промени и развој. МЕЃАШИ придонесува за создавање и подобрување на општествените механизми за обезбедување еднакви можности, без каква било дискриминација.

**Не постои проблем за кој не постои решение.** Иницијативноста подразбира да се согледаат тековните или предвидат идните предизвици и да се понуди одговор што предизвиците ќе ги престори во можности. МЕЃАШИ знае дека може и дека нема невозможно. Нема страв, има храброст; нема чекање, има водство и креативност.

**Партнерството** подразбира соработка заснована на заедништво, солидарност, взаемна почит и поддршка, споделување на целите и доверба. Големите општествени промени бараат заеднички ангажман на различни општествени чинители. МЕЃАШИ е подготвена да иницира сопствени и да поддржува иницијативи на други чинители кои целат кон подобрување на добробитта на децата. Во рамките на самата организација, партнерството е засновано на организациските вредности, професионалност и стремеж за личен и професионален развој и подразбира тимска работа.

**Волонтерството** подразбира поддршка на волонтирањето во активности за заштитата на правата на децата. Сите поединци и општествената заедница во целина имаат право, но и обврска да придонесуваат во заштитата и унапредувањето на правата на децата.

**Отчетноста и одговорноста** подразбираат можност за јавна проверка, отвореност на работењето и домаќинска грижа за сопствената општествена улога. МЕЃАШИ е пример за отчетна и одговорна организација, што ѝ дава кредибилитет на организацијата да ги унапредува овие вредности во општеството.

**Непартизираност.** МЕЃАШИ иницира, развива и предлага јавни политики во интерес на децата, но со своето работење не влијае на партиското определување на кое било лице во или надвор од организацијата и придонесува за намалување на дискриминацијата врз основа на партиската припадност. Затоа непартизираноста на една граѓанска организација означува и избегнување на директно и индиректно влијание на било кој/а од вработените во оперативната канцеларија во креирање на политики на организацијата под влијание на било која политичка партија. Непартизираноста на Меѓаши помага во иницирање, развивање и предлагање јавни политики во интерес на децата.

# ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК

## 2.1 Ало Бушавко - телефонска линија за поддршка на деца и млади 070 390 632

**Траење**: од 1993 во континуитет

**Резиме на наодите од работата на АлоБушавко – линијата за деца и млади во 2025 година**

Изминатата година, линијата за деца и млади „Ало Бушавко“ продолжи да биде гласот кој внимателно слуша, прегрнува со разбирање и дејствува со посветеност – тогаш кога на децата и младите најмногу им е потребна поддршка. Линијата не е само телефонски број – таа е симбол на доверба, безбедност и грижа во едно општество кое сè уште учи како навистина да ги слуша младите.

Во текот на 2025 година, преку 284 дојави, тимот на „Ало Бушавко“ обезбеди соодветна помош и поддршка за 278 деца и млади. Тимот на операторки се соочи со широк спектар на предизвици, сведочејќи за реалноста со која се соочуваат децата и младите во нашата земја. Иако бројките никогаш не ја доловуваат целосно тежината на човечкото искуство, тие говорат за длабоката потреба од постоење на вакви сервиси.

Линијата ги опфаќа децата и младите од сите возрасни групи и различни етнички заедници, кои ѝ пристапуваат преку различни канали – телефон, е-пошта, социјални мрежи и други средства. Во својата суштина, „Ало Бушавко“ е простор без предрасуди, каде секое дете е прифатено и сослушано – без разлика на полот, возраста, етничката припадност, сексуалната ориентација или специфичните потреби. Од вкупно 278 деца и млади кои се обратиле до линијата, забележана е речиси рамномерна родова застапеност: 108 машки (39%) и 102 женски (36%), додека во 68 случаи (25%) полот е анонимен. Во однос на возраста, најзасегнати биле децата на 10-12 години (38 деца), а веднаш по нив се оние на 13-15 години (33 деца) и на 7-9 години (27 деца). Најмалку случаи има за луѓе над 25 години, што е и очекувано бидејќи линијата е наменета за деца и млади лица.

Најголем дел од пристигнатите дојави се однесуваат на прашања поврзани со менталното здравје, со вкупно 83 случаи, што претставува 30% од сите евидентирани дојави. Ова јасно укажува дека младите се соочуваат со комплексни и интензивни предизвици кои често ги надминуваат нивните лични механизми за справување. Следна по зачестеност е категоријата семејни односи, со 64 дојави или 23%, што упатува на продлабочени тензии и нестабилност во семејната динамика. Повредите се трета најзастапена причина за обраќање, со 57 дојави (21%). Дополнително, регистрирани се 39 дојави поврзани со проблеми на пристапност, додека прашањата поврзани со училишната средина се застапени со 18 дојави. Најмал број пријави се евидентирани во областите дискриминација и ексклузија (11 дојави), физичко здравје (2 дојави) и сексуалност (1 дојава). Во текот на 2025 година е забележан и изразен раст на процентот на дојави поврзани со ризици и предизвици во дигиталната сфера, во споредба со претходната година.

Во рамки на категоријата „Ментално здравје“, како најчесто пријавувани се издвојуваат подкатегориите „страв и вознемиреност“ и „самоубиствени мисли и обиди за самоубиство“, со по 19 евидентирани случаи за секоја од нив. Особено загрижувачки е забележаниот пораст на бројот на деца и млади кои пријавуваат самоубиствени мисли или имаат извршено обид за самоубиство, што укажува на итна потреба од засилени интервенции, континуирана психолошка поддршка и развој на ефективни превентивни програми. Подкатегоријата „проблеми со расположението“ е трета по застапеност, со 13 регистрирани случаи, што дополнително го потврдува високиот психолошки товар со кој се соочуваат децата и младите.

Во рамки на категоријата „Семејни односи“, најголем удел има подкатегоријата „односи со родители“, со вкупно 48 евидентирани случаи. Станува збор за деца кои се обратиле до линијата Ало Бушавко поради конфликти, недоразбирања и нарушена комуникација со родителите, што има директно влијание врз нивната емоционална стабилност и ментално здравје. Ваквите околности често придонесуваат за зголемено чувство на стрес, несигурност и емоционална преоптовареност кај децата, при што се наметнува потребата од системска поддршка на семејствата, унапредување на родителските компетенции и зајакнување на меѓусебната доверба.

Дополнително, во рамки на категоријата повреди, најзастапена е подкатегоријата „физичко насилство“, со 22

деца засегнати од различни форми на директно физичко повредување. Овие случаи претставуваат сериозно нарушување на безбедноста и интегритетот на децата и носат висок ризик по нивното физичко и психолошко здравје. На второ место се наоѓа подкатегоријата „занемарување (негрижа)", со 9 евидентирани деца, состојби кои често резултираат со долгорочни негативни последици врз развојот и чувството на сигурност. Подкатегоријата „булинг" опфаќа 8 деца изложени на континуирано навредливо, заканувачко или понижувачко однесување од страна на врсници. Иако бројчено помалку застапени, овие случаи претставуваат значаен ризик за менталното здравје на децата и се поврзани со појава на анксиозност, страв, социјална изолација и намалена самодоверба.

АлоБушавко 070390632 - линијата за деца и млади, не само што обезбедува поддршка и советување, туку и активно соработува со институции и организации за да обезбеди реална заштита на децата. Тимот, составен од психолози, педагози, социјални работници и психотерапевти, ја носи оваа мисија со длабока стручност и емпатија. Благодарение на интерсекторската соработка со Центрите за социјална работа, Народниот правобранител, училиштата, полицијата и невладини организации, преземени беа вкупно 292 конкретни активности – од препораки и директни интервенции, до упатувања кај соодветни институции.

Иако предизвиците и понатаму се значајни, работата на СОС линијата „Ало Бушавко" претставува реален напредок во градењето општество кое не само што зборува за правата на децата, туку и активно се грижи тие да бидат заштитени. Секој повик е потврда дека децата имаат потреба да бидат слушнати и дека, кога ќе им се обезбеди сигурен простор за тоа, тие го препознаваат и го користат.

Во основата на оваа мисија стои уверувањето дека секое дете заслужува да расте во средина каде што ќе биде препознаено, слушнато и охрабрено. „Ало Бушавко" линијата за деца и млади останува доследна на својата заложба – да биде сигурен глас кој се јавува во најтешките моменти, поддршка што сослушува, разбира и покажува емпатија. Особено значаен напредок беше постигнат со хармонизацијата на телефонскиот број 116 111, кој претставува единствен европски број наменет исклучиво за деца и млади во ризик. Во август 2025 година беше добиено официјалното решение од Агенцијата за електронски комуникации (АЕК). Обезбедувањето на услугата преку бројот 116 111 беше дополнително поддржано од бизнис-секторот, односно компанијата А1, која преку донација овозможи техничка и оперативна поддршка на линијата. Процесот на активација и целосна операционализација на бројот е во тек, во рамки на проектот „Центар за безбеден интернет – МкСафеНет", под водство на Министерството за дигитална трансформација и финансиски поддржан од Европската Унија. Преку овие унапредувања, АлоБушавко дополнително ја зајакна својата улога како сигурна, лесно достапна и препознатлива линија за помош и поддршка на децата и младите во земјата.

Во текот на 2025 година, тимот на Ало Бушавко продолжи со спроведување на работилници фокусирани на едукација за детските права и промоција на Ало Бушавко телефонот за деца и млади, односно беа спроведени 11 работилници.

**2.2 Социјален сервис/поддршка за ранливи групи деца**

**Траење: од 2000 година до 2024 година** Иако сервисот официјално престана со работа во 2024 година,



голем број граѓани и понатаму покажаа солидарност преку донации на облека и други потребни предмети и во 2025 година. Преку редовните годишни активности на Меѓаши, овие донации беа насочени кон семејствата и децата на кои им беа најпотребни. Овој континуитет е јасен показател дека хуманоста и заедништвото не зависат од постоењето на еден сервис, туку претставуваат трајна општествена вредност. Изразуваме искрена благодарност до сите донатори и корисници – нивната поддршка и добрина направија значајна разлика во животите на многу деца и семејства.

# ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во услови на глобални предизвици и конфликти, мировното образование претставува суштински механизам за градење праведно и инклузивно општество.

Образованието за мир ги охрабрува младите да ги ценат вредностите на соработката, почитувањето и прифаќањето на различностите, подготвувајќи ги да станат активни и одговорни граѓани кои придонесуваат кон стабилно и праведно општество. Преку овој процес, учениците не само што добиваат можност да го разберат сложениот карактер на конфликтите, туку и стекнуваат вештини за нивно ненасилно решавање, за конструктивна комуникација и за меѓукултурно разбирање.

Мировното образование промовира знаења, способности и ставови што им овозможуваат на луѓето да ги трансформираат конфликтите на мирен начин, да градат поправедни заедници и да создаваат услови за траен и позитивен мир во средините каде што живеат.

**Цел**

Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

**Целна група**

Проектот најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје: СУГС "Никола Карев", СГГУГС „Здравко Цветковски" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов". Во текот на 2013 – 2025 програмата се прошири во 49 средни и 25 основни училишта како и во неколку ученички домови.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2011- 2027 година

**Донатор:** Германското федерално Министерство за економска соработка и развој.

**Партнерска организација:** KURVE WUSTROW

**Реализирани активности**

Во текот на 2025 година беа организирани повеќе разновидни активности, пред се обуки за наставен кадар како и Четвртата конференција за мировно образование. Темите беа избирани врз основа на увидот на тимот за мировно образование за тоа што е потребно, но и според потребите и барањата на самиот наставен кадар. За постојаниот интерес за програмата покажува и тоа што во текот на годината, наставниците и наставничките, како и раководните структури од повеќе училишта неколкупати бараа информации за одржување основен тренинг за градење мир и за можноста за вклучување на нови луѓе во програмата. Овие прашања најчесто беа поставени заради потребата од зајакнување на капацитетите на тимовите кои моментно работат во училиштата, или пак заради вклучување на нови членови.

## СОСТАНОК НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



Во текот на 2025 година се одржаа три работни средби на Координативното тело за мировно образование. Првата од 3 до 5 февруари, втората од 24 до 26 април, и третата на 1 октомври 2025 година. Членови на Координативното тело за мировно образование се претставници од Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат и МЕЃАШИ. На сите три состаноци на дневен ред беа повеќе прашања. На првиот работен состанок беше разгледано стратешкото планирање за МО 2025-2027 и беше одобрен Правилникот за работа на Координативното тело, како и продолжувањето на Меморандумот за соработка со МОН. На вториот состанок Меморандумот за соработка со МОН беше продолжен за три години. Состанокот означи важен чекор кон зајакнување на заедничката одговорност и обезбедување ефикасна подготовка и организирање на Четвртата конференција за Мировно образование. Додека третиот годишен редовен состанок со координативното тело се одржа во просториите на ПДАС Мећаши. Овој состанок се одржа со физичко присуство по неколку телефонски разговори, онлајн разговори и консултации за конференцијата. Главната цел на состанокот беше Четвртата конференција за мировно образование и воспоставување на мрежата на Мировни училишта.

## ОБУКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ



Обуката за унапредување на менталното здравје одржана ноември 2024 година се покажа доста корисна и разбуди голем интерес кај професорите и професорките вклучени во програмата за мировно образование. Поради ова членовите на програмата за мировно образование организираа две групи со 26 и 22 учесници истовремено, но во различни простории. Од 13 до 15 февруари 2025 година тренерскиот тим составен од Радмила Манчевска – психолог и психотерапевт од СОУ „Ванчо Прке“- Виница, Шерузе Османи професор по ментално здравје на Тетовскиот Универзитет, Ана Попризова – училиштен психолог од СУГС Гимназија „Орце Николов“ Скопје и Драги Змијанац од Мећаши, изготвија програма за унапредување на менталното здравје во училиштата, наменета за учесниците од програмата за Мировно образование. За разлика од првата обука, учесниците добија прашалник пред обуката во кој ги искажаа своите знаења/практики за темата и според тие резултати беа поделени во основна или напредна група. Опфатени беа следните теми: поим за ментално здравје, само-грижа, стрес, стресори и справување со стрес и техники за релаксација, развојни карактеристики на адолесценцијата, справување со емоционални состојби кај учениците (тага, страв, лутина, бес, трема пред оценување и сл.), вклучување на родителите и заедницата во поддршка на менталното здравје на учениците, психосоцијална поддршка во училиште.

.



**НАПРЕДЕН ТРЕНИНГ ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
7-10 мај 2025



Програмата за Мировно образование при Првата детска амбасада - МЕЃАШИ, во периодот од 07 до 10 мај, 2025 организираше базичен тренинг за наставнички/ци, како и за членови на стручните служби на средни и основни училишта од Берово, Велес, Гостивар, Липково, Куманово, Битола и Скопје. Дел од училиштата се вклучени во програмата, а дел се вклучија согласно состанокот со Министерот за образование и наука, да има најмалку по еден наставник/чка вклучен/а во тренинзите на Програмата за мировно образование. Групата се состоеше од 22 учесници/чки. Тренингот беше конципиран и воден од тренерски тим во состав: Ана Битољану, надворешна соработничка, Драги Змијанац, Фатмире Ајдари и Елла Даалдероп од Меѓаши. Во однос на програмата се работеше на следните теми: ненасилна комуникација, тимска работа и соработка, сенсибилизација за различни видови на насилство, анализа на конфликти, предрасуди и дискриминација и мировно образование.

**КАКО ДА ПРОДОЛЖИМЕ ДА ЖИВЕЕМЕ И РАБОТИМЕ ВО УЧИЛИШТЕ ПО ПРЕЖИВЕНАНА КОЛЕКТИВНА ТРАУМА**

Вебинари одржани во платформата ЗООМ на 16 април и 14 мај 2025 година




Интерактивните виртуелни работилници на тема „Како да продолжиме да живееме и работиме во училиште по преживеана колективна траума?“ беа организирани како резултат на потреба и барање од страна на наставниот кадар по немилите настани со пожарот во Кочани каде настрадаа голем број млади луѓе а меѓу нив и ученици. Темите кои беа разговарани во текот двата вебинари беа: Колективните трауматски настани кај сите членови во заедницата го поттикнуваат чувството на небезбедност и страв, ги отвораат прашањата за животот и смртта, како и прашањето како да се продолжи да се живее со доживеаното трауматско искуство. Децата и младите кои се во фаза на формирање на својот идентитет се особено ранливи. Некои од нив ќе чувствуваат страв за идни слични искуства, кај некои ќе се отворат претходно доживеани трауми и сл. Но задача на заедницата е да креира простори и можности за активности и делување со што ќе поттикне проактивност.

Училиштата се места кои ги поврзуваат децата и младите и можат да бидат место на личен раст и развој. Во услови на криза и траума, многу е значајно тие да се мобилизираат и организираат во насока на поддршка на сите вклучени во училишниот живот.

Како училиштата, наставниците и учениците да се справат со доживеаната трагедија?
Кои ресурси ги имаат наставниците во поддршка на учениците и родителите?
Кога е потребно да се побара дополнителна помош?"

**Работилница со цел зајакнување на капацитетите на тимот на Детска амбасада Меѓаши во превенција, препознавање и ефективно справување со неосновани напади, дезинформации и деструктивни кампањи.**

12.06.2025 Скопје



Во време кога јавниот простор сè почесто се соочува со дезинформации и намерно нарушување на интегритетот на организации кои работат за општо добро, вложуваме во знаење, алатки и стратегии за продолжување на своето граѓанско учество. Денес, кога активизмот и гласот на граѓанскиот сектор се сè почесто мета на обиди за замолчување и заплашување, ние учиме, се поврзуваме, се подготвуваме и стоиме цврсто. Работилницата се одржа во Скопје во поттикнувачка атмосфера за продуктивна работа, размена на идеи и градење тимски дух.

**РАБОТИЛНИЦА СО SDI – Strength Deployment Inventory АЛАТКАТА**

18.06.2025 Скопје

Проценка на SDI, алатка за распоредување на сили, беше направена една недела пред одржувањето на работилницата. Деветте најнови членови на тимот на Меѓаши го пополнија прашалникот за SDI, по што се одржа еднодневната работилница. За време на работилницата, интерактивно беа објаснети различните сегменти (бои), структурата и методологијата. Во вториот дел од работилницата, беше дискутиран и продлабочен организацискиот модел со распоредување на сите членови на тимот преку разбирање на меѓусебните чекори кога се во конфликт.



**НАСТАН СО ТИМ БИЛДИНГ И ЕЛЕМЕНТИ НА РИТРИТ**

**30.06.2025 до 02.07.2025 ОХРИД**



Главната цел на ритритот беше да се овозможи продлабочување на тимската поврзаност, личен и професионален развој на учесниците преку структурирани активности, едукативни сесии и интерактивна групна работа. Настанот се реализираше преку комбинација од теоретски делови, практични вежби, индивидуални и групни рефлексии. Учесниците активно учествуваа во сите сегменти од програмата.

**ВЕБИНАР НА ТЕМА „ТЕШКИ ДИЈАЛОЗИ- ВОВЕД ВО ТЕШКИ РАЗГОВОРИ НА НЕПРИЈАТНИ ТЕМИ“**

11.09.2025 Платформа ЗООМ

Вебинарот на тема: „ТЕШКИ ДИЈАЛОЗИ – Вовед во тешки разговори на непријатни теми" го фацилитираше Горан Божичевиќ. Дискутиравме околу тоа што не мачи нас во врска со тематиката, за важноста на дијалогот. На овој вебинар заедно го демистифицираме терминот „дијалог“ и се потсетиме дека сите сме го имале во различни ситуации. Тоа е можеби најубавата форма на мировна работа – запознавање на друга личност преку навлегување во тешка тема за нас. Го отвориме прашањето за училиштето и дијалогот, но пред сè се обидовме да откриеме „Каде сум јас во однос на дијалогот?“

Дијалогот е начин на живот, пристап, а не само метод. Тој е бавен, понекогаш неинтересен однадвор, отфрла лесни и брзи резултати, додека чуда се случуваат во нас самите.

**ПЛАНИРАЧКА РАБОТИЛНИЦА ЗА АНГАЖМАНОТ НА ИДНИОТ/ИДНАТА МИРОВЕН/НА РАБОТНИК/ЧКА**

28-29.10.2025 Скопје



Искуството стекнато преку досегашната вклученост на меѓународните мировни работници ни потврдува дека нивната улога е суштинска, не само во поддршка на локалните иницијативи, туку и во заедничко креирање активности кои ја прошируваат нивната задача, особено во општества каде конфликтите се секојдневие и каде градењето култура на мир не е само потреба, туку предуслов за надминување на системските потешкотии и пречки. Во текот на работилницата разговаравме за должностите и обврските што ММР ги има кон канцеларијата на Kurve Wustrow во Германија, канцеларијата на Kurve Wustrow во Скопје и кон Програмата за мировно образование на Детска амбасада Меѓаши. Сè уште треба да се дефинира и испрати од страна на Меѓаши кои се потребите на МО и Меѓаши за новата ММР и кои треба да ги исполни Kurve Wustrow пред да се објави отворената позиција за аплицирање до крајот на 2026 година.

## НАПРЕДЕН ТРЕНИНГ ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

24-27.12.2025 Велес



Програмата за Мировно образование при Првата детска амбасада - МЕЃАШИ, во периодот од 24-27 декември 2025 организираше напреден тренинг за наставнички/ци, како и за членови на стручните служби и раководството на средни и основни училишта од Скопје, Велес, Липково, Берово, Маврово-Ростуше и Крушево. Групата се состоеше од 17 учесници/чки. Тренингот беше конципиран и воден од тренерскиот и организаторски тим во состав: Сафет Балажи, Емрах Реџепи - надворешни соработници, Валентина Штерјовска - гостинка тренер од професор(к)ите, Драги Змијанац и Гордана Пирковска Змијанац од Меѓаши. Во однос на програмата се работеше на следните теми: тимска работа, предрасуди и дискриминација, родови улоги во општеството, идентитети, разбирање на конфликти и мировно образование.

## ЧЕТВРТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

20-22.11.2025 Скопје

Во рамките на МО беа организирани три мировни средби на кои учествуваа голем број наставници/чки вклучени во програмата за мировно образование и претставници од институции. Ова резултираше како одлична можност за размена на идеи и искуства од една страна, а од друга страна за поврзување помеѓу наставниците и претставниците на институциите. По дискусијата со регионалниот координатор и координативното тело, се одлучи името да се промени во „Четврта конференција за мировно образование“ и се додадено медиумско

покривање на настанот, исто така се организира во Скопје, за да можат да учествуваат националните телевизии и други медиуми, но и повеќе претставници од институциите.



На Четвртата конференција за мировно образование присуствуваа повеќе од 100 наставници, раководни структури и стручни служби од училиштата, претставници од институциите, соработници од земјатата и регионот, како и медиуми од националната телевизија и пишаните медиуми. Една посебна сесија беше резервирана за прашања и одговори со Министерката за образование и наука, каде што наставниците ги споделија своите прашања и загрижености за теми поврзани со образованието. За време на конференцијата изјави за националните телевизии дадоа наставниците, Министерката за образование и наука и претседателот на Детската амбасада Меѓаши. Како и во формалните (работилници на различни теми), така и во неформалниот дел имаше многу размени и поврзувања меѓу наставниците. Претставници од координативното тело од Министерството за образование имаа разговори и консултации со неколку наставници за време на конференцијата.

Наставниците и стручните служби споделија дека ова е многу важно и потребно за нив. Новата пракса за вклучување на наставниците во организирање и водење работилници и како говорници на конференцијата беше оценета како важна и корисна. Ова поради важноста на градењето капацитети за да можат да ги споделат информациите со колегите од нивното училиште, регионот, а исто така и за зајакнување на капацитетите на обучувачите за мировно образование. На последниот ден беше финализиран документот за Мрежата на мировни училишта. На работилницата каде што беше финализиран документот присуствуваа повеќе директори на средни и основни училишта, а нивната поддршка беше оценета како важна за имплементација на истиот.

## МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА

Проектот „Место за растење: Општини посветени на децата“, спроведуван од Првата детска амбасада во светот - Меѓаши и Центарот за семејно и детско згрижување – КМОП Скопје, започна во февруари 2023 година и успешно се реализираше до јули 2025 година. Во текот на 30-те месеци, проектот придонесе за зајакнување на заложбите на локалните власти во пет општини (Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода) за унапредување на правата на децата и нивното активно учество во локалното планирање. Со спроведените активности беа

адресирани препораките на Комитетот на ООН за правата на детето и обезбедени алатки за одржливост на локално ниво, каде претходно недостасуваа акциски планови за правата на децата.

**Крајни корисници** на проектот беа деца (на возраст од 3-18 години) кои живеат во петте општини, кои имаат корист од подобреното локално планирање информирани за нивните потреби и поповолните услови за унапредување, остварување и заштита на правата на децата.

**Клучните чинители** се општина Виница, општина Дебар, општина Гостивар, општина Велес и општина Кисела Вода (Скопје), Заедницата на општини (ЗЕЛС), како и граѓански организации кои работат на детски права, бранители на човекови права на децата, академски институции, истражувачи, групи на професионалци кои работат со деца, организации на родители, приватниот сектор, медиумите и локалните заедници.

Во периодот на имплементација беа постигнати значајни резултати кои придонесуваат кон крајната цел на активно вклучување на децата во локалното планирање, преку градење на капацитетите на чинителите од локалната самоуправа, ЗЕЛС, вработените во предучилишни и училишни образовни институции.

Преку регрутирање и одржување на инфо-сесии во секоја од 5те општини од проектот, со цел организација и информирање со активностите поврзани со активно вклучување на децата во локалното стратешко планирање на општините, и градење на капацитети на чинителите во процесот, во согласност со критериумите за селекција на учесници, кое допринесе во организирањето на тренинзите со кадри од средните, основните училишта и градинките, како и претставниците на локалната самоуправа.

Тренинзите беа појдовна точка за формирање и организирање на  локаните конференции и работилниците за нацрт акциски планови во 5те општини од опсег, каде преку работа со вклучените лица од општините и децата, беа мапирани и забележани недостатоците, барањата и потребите со цел постигнување на нивото на општини посветени на децата!

Со цел постигнување на одржливост на постигнатите резултати, направена е платформа за следење на активностите од нацрт акциските планови во сите 5 општини - посветени на децата!

Проектот беше финансиран од Делегацијата на Европската Унија во рамки на локалните шеми за поддршка на граѓанското општество преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права (EIDHR).

## ПРОЕКТ „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА"

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши во 2025 година продолжи со активности кои придонесуваат кон градење на безбедна училишна средина во училиштата. Проектот„Промоција на безбедна училишна средина" се спроведува под водство на Коалиција СЕГА и во партнерство со Првата детска амбасада во светот Меѓаши, Смартап лабораторија за социјални иновации и Македонскиот центар за граѓанско образование МЦГО, а со поддршка од Детската фондација Песталоци.

Преку заедничка заложба на сите проектни партнери и во вкупно 50 училишта се работи кон унапредување на постоечките механизми, политики и инструменти и активно вклучување на сите засегнати страни во процесот на создавање на училишна средина која ќе се дефинира како безбедна и партиципативна од страна на самите ученици.

Предвидената временска рамка за спроведување на активностите е 3 години, каде завршен датум за спроведување на сите активности претставува август 2026 година.

Меѓаши со својата стручност, капацитети и ресурси придонесе кон развој на безбедната училишна средина во 50 проектни училишта, а и дополнително на национално ниво преку имплементација на принципите на:

- Ученичко учество
- Заштита на учениците преку превенција од појава на насилство

Во текот на 2025 година, продолжи спроведувањето на одредени проектни активности меѓу кои:

**Обука за унапредување на капацитетите на стручните соработници**

Во 2025 година продолжи обуката за јакнење на капацитетите на стручните лица од училиштата, со фокус на подобрување на нивното знаење и вештини за воспоставување соработка со родителите и спроведување врсничка едукација. Обуката беше насочена пред сѐ кон стручниот персонал со 50 претстваници од 26 училишта кои се дел од проектот. Учесниците имаа можност активно да вежбаат сценарија, како што е спроведување состаноци со родители, за време на самите обуки. Една од обуките беше насочена кон учесници од основните училишта, додека втората обука беше организирана за учесници од средните училишта, овозможувајќи им да разменат искуства во соочувањето со предизвиците и да се подобри нивното вмрежување и соработка. Со оваа активност се постигна целосно учество, на сите 50 училишта приклучени во проектот, а вкупно 97 претставници од училиштата присуствуваа и беа дел од овие обуки.



Обука за унапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата
25-27.03.2025, Велес

**Врснички едукации**

Во 2025 врсничките едукации продолжија во речиси сите проектни училишта. За првите 25 училишта кои се приклучија во првиот циклус, ова беше втор круг на врсничка едукација кој беше спроведен од самите ученици.

Тоа им овозможи на врсничките едукатори да продолжат со организирање работилници против насилство врз деца, за нивните соученици и врсници, и да формираат заедница заснована на заеднички вредности и почитување. Додека новите 25 училишта, кои започнаа да учествуваат од учебната година 2024/2025, во второто полугодие започнаа да спроведуваат врснички едукации како дел од проектните активности. Според обработените податоци од училиштата каде што се спроведоа работилниците, бројот на ученици кои учествуваа во врсничките едукации изнесува 1595. Од нив, според податоците, 735 се машки, а 860 женски ученици.




Сепак, ова не е конечна бројка за овој период, бидејќи процесот на собирање податоци сѐ уште трае и ќе биде дефиниран со завршување на проектот.

**Средби со родители**




Во 25-те училишта кои беа дел од првиот циклус, 2025 година претставуваше втор сет од оваа активност. За втор пат во овие училишта започна спроведување на активноста каде што се одржуваа состаноци или работилници од страна на стручните лица за поддршка со родителите и нивното вклучување во превенција од насилство. Проектниот тим ги посети поголемиот дел од училиштата кои се дел од вториот циклус со цел поддршка во спроведувањето на средбите со родители. Тимот доби увид во тоа како се развива мрежата на комуникација меѓу стручниот персонал и родителите и колку родителите се вклучени или имаат улога во донесување одлуки во училишните активности. За време на средбите, родителите имаа можност да ги истакнат предизвиците со кои се соочуваат во однос на насилството врз деца:

- **Препознавање на важноста на улога на родителот во превенција од насилство во училиштата**
- **Институционалната мрежа за поддршка и начинот на кој другите институции се вклучени во процесот на превенција и заштита**
- **Недоволна вклученост на сите родители во училиштата, при што најчесто истите родители се активни во училишни одлуки или активности**

Средбите со родители ги посетија вкупно 339 родители од кои 84 татковци и 255 мајки. Првата детска амбасада во светот Меѓаши ја истакнува важноста од активното вклучување на родителите во креирањето на безбедна училишна средина. Потребно е еднакво и активно учество на двата родители во заложбите за креирање на средина која ќе биде поддржувачка, безбедна и ќе овозможи ученичко учество. Преку примерот на родителите и нивниот одговорен и доследен пристап кон училиштето и училишниот персонал, учениците имаат можност да научат како и тие самите да постапуваат. Според податоците од терен треба да се работи кон поактивно вклучување на родителите во креирањето на безбедната училишна средина и подобра соработка со наставниците и стручните служби.

**Медиумска кампања „Следна Станица“ – од учениците за учениците**

Во текот на 2025 година, Првата детска амбасада во светот Меѓаши ја продолжи реализацијата на националната медиумска кампања „Следна Станица“, насочена кон превенција и намалување на врсничкото насилство во

училиштата. Кампањата е најзастапена на социјалните мрежи кои ги користат децата и младите, како Facebook и Instagram, а нејзината временска рамка е предвидена до јуни 2026 година. Во рамки на активностите беа организирани и неколку координативни средби со ученици, волонтери и млади, на кои тие имаа можност да дадат свои препораки и забелешки за кампањата. Истата се адаптира континуирано, во согласност со потребите и предлозите на учениците, во соработка со медиумската агенција, со цел да остане релевантна и да одговори на реалните предизвици со кои се соочуваат младите.




**Медиумска кампања „Нема туѓо дете" - наменета за родители**




Во текот на 2025 година, Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, ја спроведуваше и медиумската кампања „Нема туѓо дете" насочена кон родителите. Кампањата беше одговор на сè почестите предизвици со кои се соочуваат децата во училиштата – од емоционална запоставеност, преку врсничко насилство, до сериозни психолошки состојби. Фокусот беше да се потсети дека секое дете е нечие дете и дека „нема туѓо дете" кога станува збор за заштита, поддршка и љубов. Преку објави на социјалните мрежи на Детската амбасада (Facebook, Instagram), родителите беа охрабрени да препознаваат знаци на насилство, негрижа/занемареност, да разговараат со своите деца и да бидат активни партнери во градењето безбедна училишна средина. Кампањата придонесе за зголемување на свеста кај родителите дека нивната улога е клучна во превенцијата и навременото препознавање на проблемите, а со тоа и во создавањето услови за поддржувачко и инклузивно училишно опкружување.

## ПРОЕКТ „ЦЕНТАР ЗА ПОБЕЗБЕДЕН ИНТЕРНЕТ- MkSafeNet"

Во текот на 2025 година, Првата детска амбасада во светот – Меѓаши значително ги зајакна своите капацитети за заштита на децата во дигиталната средина и обезбедување поддршка преку проектот „Центар за побезбеден

интернет – МкСафеНет", вклучително и линијата за помош и поддршка за деца и млади – Ало Бушавко. Годината беше обележана со институционални партнерства и унапредување на услугите на линијата за помош, усогласени со европските стандарди за поддршка и зајакнување на безбедноста на децата и младите во дигиталниот простор.

Едно од најзначајните постигнувања во рамки на проектот, но и на организациско ниво, беше хармонизацијата на линијата за помош и поддршка за деца и млади – Ало Бушавко со европскиот унифициран број 116 111, број исклучиво наменет за деца во ризик. Во август 2025 година, Меѓаши доби официјално решение од Агенцијата за електронски комуникации, со поддршка од А1 како партнер од бизнис секторот. Со ова, организацијата обезбеди зголемена препознатливост и дополнителна усогласеност со европските практики за обезбедување поддршка на деца и млади.

Како партнерска организација во проектот МкСафеНет, Меѓаши активно учествуваше во процесот на воспоставување на Центарот за побезбеден интернет под водство на Министерството за дигитална трансформација. Во текот на 2025 година, со официјална одлука на Владата на Р.С. Македонија, Центарот беше формално воспоставен, при што линијата за помош и поддршка Ало Бушавко има клучна улога како сервис за прием и постапување по дојави поврзани со злоупотреби на деца и млади во дигиталниот простор.

Во насока на јакнење на организациските капацитети, преку проектот, тимот на линијата Ало Бушавко беше проширен со вработување на четири нови операторки – психолози, со што дополнително се унапредија квалитетот, достапноста и професионалноста на услугата. Во текот на годината беа одржувани континуирани супервизиски средби, водени од психолог-супервизор, со цел обезбедување високи професионални стандарди и заштита на благосостојбата на персоналот. Дополнително, беше организирани дводневна работилница за јакнење на вештините и меѓусебната соработка во одговорот на онлајн насилство и случаи поврзани со сексуална злоупотреба на деца на интернет (CSAM), кои претставуваа и значаен простор за вмрежување со други организации што управуваат со линии за помош и поддршка. Во овој контекст, во подготовка е и прирачник наменет за оператор(к)и за постапување во случаи на дигитално насилство, со цел унапредување на процесите на категоризација, поддршка и упатување на случаи.

Со цел унапредување на процесите и јакнење на капацитетите на тимот, со помош на регионален експерт од Центарот за безбеден интернет од Албанија, беше обезбедена стручна поддршка за хармонизацијата на линијата Ало Бушавко, унапредување на процедурите и споделување на добри практики, вклучително преку обуки, работни посети и учество во пилотирањето на протоколот за пријавување на CSAM. За пренесување на добри практики и унапредување на работата на линијата, дел од тимот оствари студиска посета во Амстердам, Холандија, и Осијек, Хрватска каде се запозна со моделите на работа на локалната линија за помош и поддршка.

Во текот на годината, тимот разви и пилотираше протокол за брзо и безбедно пријавување на случаи на CSAM, во соработка со проектни партнери, додека истиот беше пилотиран со престатвници од релевантни институции како членови на Националното координативно тело при Центарот за побезбеден интернет. По усвојување на протоколот, овој процес значително ќе придонесе кон унапредување на меѓуинституционалната соработка, ефикасно и навремено постапување во чувствителни случаи на злоупотреба на деца во дигиталниот простор.

Дополнително, преку проектот МкСафеНет, Меѓаши реализираше модернизација на дигиталната инфраструктура на линијата за помош преку воведување безбеден контакт центар за Ало Бушавко, кој овозможува брза и заштитена комуникација преку повеќе канали (телефон, СМС, веб-чет), како и сигурно евидентирање и управување со случаи и лични податоци, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Во рамки на превентивните активности и активностите за подигнување на јавната свест, беа реализирани едукативни сесии во повеќе од 20 училишта низ земјата, одржувај над 50 едукативни сесии во рурални и урбани средини, насочени кон подигнување на свесноста за онлајн ризиците и јакнење на дигиталната писменост кај деца, млади, родители, наставници и стручни служби. Овие активности директно придонесоа кон зголемување на информираноста и подготвеноста за препознавање и пријавување на онлајн закани кај над 1000 учесници. Притоа, реализиравме и медиумска кампања за подигнување на јавната свест за онлајн ризиците и промоција на линијата за помош и поддршка Ало Бушавко. Кампањата беше насочена кон охрабрување на децата и младите да пријавуваат онлајн насилство и злоупотреби, како и кон информирање на јавноста за достапните механизми за поддршка. Активностите придонесоа кон зголемена видливост на линијата и зголемена подготвеност за барање помош.

Покрај националните активности, тимот на Ало Бушавко активно учествуваше во европски и меѓународни мрежи и иницијативи (BIK+, Child Helpline International, ECPAT), преку редовно учество на месечни состаноци,

вебинари, следење на нови трендови, размена на добри практики и зајакнување на улогата на Меѓаши како релевантен чинител во областа на заштита на децата и младите во дигиталниот простор. Дополнително, своето учество го потврдивме и преку редовно доставување на периодични извештаи до БИК+ за состојбата со заканите и пријавите од дигиталниот простор кај децата и младите.

Преку континуирано унапредување на услугите и соработката со институциите и партнерите, Меѓаши ќе продолжи да обезбедува безбеден простор за децата и младите и активно да ги охрабрува да пријавуваат и побараат поддршка при секоја форма на злоупотреба во дигиталниот простор.

<table>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Пилотирање на протокол за брзо и безбедно пријавување на CSAM во Клуб на пратеници, Скопје</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Посета, регионален експерт - А. Хазизај, Меѓаши</td><td>Координативен состанок – Регионален ескперт (А.Хазизај), Меѓаши и Импетус во Министерство за дигитална трансформација</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
|  |  |
| Едукативна сесија во основно училиште | Работилница за јакнење на вештините и соработка за во одговорот на онлајн насилство и случаи поврзани со сексуална злоупотреба на деца на интернет (CSAM) |
|  |   |

## ТОМАС - КОН УСОГЛАСЕНО ЗАКОНОДАВСТВО ПРОТИВ СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

Во текот на 2024 година, онлајн сексуалното насилство врз деца и млади беше препознаено како еден од најсериозните предизвици во регионот. Проектот ТОМАС обезбеди платформа за заедничко делување на партнерските организации од Србија, Албанија и Македонија, со цел да се зајакне институционалниот и граѓанскиот одговор на овој проблем. Во 2025 година активностите продолжија со акцент на превенција, подигнување на свеста и креирање одржливи решенија за заштита на децата во дигиталниот простор.

**Времетраење:** декември 2023 – септември 2025

**Партнери:** Центар за исчезнати и злоупотребени деца – Србија, Центар за правата на децата – Албанија, Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Македонија

**Поддршка:** Eurochild и SmartBalkans

**Цел:** Да се унапредат политиките и законодавството за заштита на децата од сексуално насилство и експлоатација, во согласност со европската легислатива, и да се создаде регионална мрежа за соработка меѓу земјите од Западен Балкан.

### Кампања за превенција од CSAM




Кампањата ТОМАС, реализирана преку официјалните канали на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши на Facebook, Instagram и LinkedIn, постигна значителен опсег и видливост кај пошироката јавност. Објавите предизвикаа голем интерес и ја поттикнаа заедницата да се отвори и да зборува за чувствителни теми поврзани со онлајн сексуалното насилство врз децата и младите. Со секојдневниот напредок на технологијата, ризиците за младите стануваат сѐ поголеми, а кампањата успеа да ја стави оваа реалност во фокус и да ја подигне јавната свест. Преку активна комуникација и вклучување на граѓаните, се создаде простор за дијалог и заедничка одговорност, со цел да се зајакне превенцијата и заштитата на децата во дигиталниот свет. Во рамки на активностите за подигнување на свеста и информирање на целните групи, беше развиен пристап за доставување информации преку различни канали. МЕЃАШИ изработи и дизајнираше информативни материјали со релевантни содржини за секој засегнат актер, кои потоа беа дистрибуирани преку системот MailChimp. Дистрибуцијата беше спроведена во четири наврати со вкупно 5.988 приматели кои добија прилагодени информативни материјали за нивната улога во создавање безбедна и сигурна средина за секое дете.

### Работилници со деца и млади




Детското учество останува суштински дел од работата на Меѓаши, каде децата и младите се охрабруваат да бидат активни учесници во процесите што директно ги засегаат нивните права и благосостојба. Во рамки на проектните активности во 2025 година беше организирана уште една работилница на тема Идентификација и превенција од CSAM, како продолжение на претходните иницијативи.

На оваа работилница, учесниците не само што дискутираа и ги идентификуваа факторите на ризик, туку добија и конкретни насоки за тоа што понатаму треба да се преземе за да се обезбеди побезбедна дигитална иднина. Со нивното активно учество се зајакна процесот на креирање препораки и идеи кои ќе придонесат за подобрување на превенцијата и заштитата од онлајн злоупотреба.

**Јавна трибина – 18 септември 2025**

Во рамки на проектот ТОМАС, на 18 септември 2025 година беше организирана јавна трибина посветена на тема онлајн сексуално насилство врз деца и млади. Настанот се одржа со цел да се отвори поширока општествена дискусија за овој сериозен проблем, кој со секојдневниот напредок на технологијата станува сè поизразен и ги изложува младите на нови ризици. Трибината овозможи размена на мислења меѓу експерти, претставници од институциите, граѓанскиот сектор, родители и млади, при што беа презентирани препораки и конкретни насоки за подобрување на системот за превенција и заштита. Настанот имаше значителен одѕив и придонесе за зголемување на јавната свест, охрабрувајќи ја заедницата да зборува отворено за теми кои долго време биле маргинализирани.




**Зајакнати законски и политички рамки**

Во рамки на проектот, создадени беа два национални прирачници за застапување и лобирање кои дадоа стратешки препораки за политики и директно влијаеја врз законодавството за заштита на децата. Овие материјали служат како референтна точка за стручни лица, наставници и граѓански организации во подобрување на политиките за заштита на децата и нивно усогласување со европските правни рамки. Преку нив е даден увид во тековното законодавство за детекција и превенција на CSAM, активностите на национално ниво и начинот на кој секој засегнат актер може да учествува во креирање законодавство за превенција.

**Средби со донесувачи на одлуки и креатори на политики**

Во рамки на завршните активности, проектот се насочи кон подигнување на свеста за дигиталната безбедност на национално ниво и застапување за промени во законодавството. Тимот оствари состаноци со Министерството за внатрешни работи, Министерството за дигитална трансформација и Министерството за образование и наука, каде беа промовирани проектните цели и дискутирани можности за мултисекторска соработка. Акцентот беше ставен на потребата од ажурирање на законодавството, побрза реакција при ризици, воспоставување Центар за безбеден интернет и телефонска линија за брз одговор на CSAM, како и улогата на училиштата и родителите во создавање култура на дигитална безбедност. Заклучоците нагласија дека континуирана соработка меѓу институциите, училиштата, родителите и граѓанскиот сектор е неопходна за превентивна заштита на секое дете во дигиталниот простор.

**Регионална конференција за безбедност на децата на интернет - Белград**




Во рамки на проектот TOMAS, тимот на Првата детска амбасада Меѓаши учествуваше на Регионалната конференција за безбедност на децата на интернет во Белград (2025). На конференцијата беа презентирани наодите за состојбата со заштитата на децата во дигиталниот простор во Македонија, како дел од заедничката работа на три граѓански организации од Албанија, Македонија и Србија за надминување на празнините во националните закони и политики. Учесниците имаа можност да слушнат излагања од меѓународни институции како FBI, EUROPOL, Microsoft, како и експерти од регионот, кои ги претставија најновите предизвици и решенија во обласа на дигиталната безбедност, заштитата на децата и употребата на вештачка интелигенција.

Проектот ТОМАС заврши во септември 2025 година, и претставуваше проект кој не беше ограничен само на јавни настани, туку создаде простор за дијалог, анализа и препораки, со силно вклучување на младите и граѓанскиот сектор. Активностите придонесоа за зголемување на јавната свест, зајакнување на институционалната соработка и поставување основа за регионална мрежа против онлајн сексуалната злоупотреба на деца.

## УЧЕСТВА/ПОСЕТИ/АКТИВНОСТИ

Во текот на 2025 година, Детската амбасада МЕЃАШИ ја продолжи својата мисија преку следење на состојбата со детските права и нивна промоција, застапувајќи ги интересите и потребите на децата пред надлежните институции и пошироката јавност.

### Студиска посета - Троген, Швајцарија

Во периодот 12–25 март 2025 година, во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, беше реализирана студиска посета во Детското село „Песталоци“ во Троген, Швајцарија. Посетата овозможи интеркултурна размена меѓу ученици и наставници, со акцент на заеднички живот, тимска работа и развивање лидерски вештини кај младите. Учесниците беа активно вклучени во секојдневни работилници, дискусии и активности кои поттикнуваа одговорност, соработка и создавање позитивна атмосфера. Посебен акцент беше ставен на процесот на заедничко надминување на предизвици, промовирање на вредности и развивање култура на заедништво. Посетата придонесе за размена на искуства со ученици од други земји, како и за дискусија меѓу наставници и експерти за подобрување на пристапот кон образованието и учењето. Ова искуство претставува

значаен придонес во градењето капацитети за создавање безбедна и инклузивна училишна средина.




## Прва психолошка помош - КОЧАНИ

Во 2025 се случи голема национална трагедија која длабоко ги погоди заедниците низ целата земја и имаше влијание врз секое лице, институција и процес. Се случи пожар во ноќен клуб во Кочани, кој трагично резултираше со загуба на многу животи. Меѓу жртвите имаше и деца и млади, а многу од преживеаните се соочуваат со физичка и психолошка траума, справувајќи се со повреди и нарушувања на менталното здравје. На општествено ниво, целото внимание на граѓаните и институциите беше насочено кон настанот и неговите последици. Бидејќи трагедијата се случи како резултат на компромитиран систем, имаше многу протести и во Кочани и во Скопје. Дополнително, Кочани се соочуваше и сè уште се соочува со предизвици во надминување на ситуацијата, во создавање простор каде што луѓето можат да продолжат да живеат, да комуницираат и да бидат активни. Како дополнителна мерка за поддршка, тимот на Детската амбасада Меѓаши понуди прва психолошка помош за учениците и родителите. Тимот на оператори од „Ало Бушавко“ спроведе неколку теренски посети во училиштата во Кочани за да обезбеди психолошка поддршка. Дополнително, линијата за помош ја прошири својата 24/7 достапност со споделување повеќе контакт броеви за да се обезбеди поефикасна комуникација меѓу операторите и оние на кои им е потребна поддршка.

## Учество на обука на Insafe/INHOPE во Амстердам за унапредување на дигиталната безбедност




Во периодот од 19 до 20 март, претставничка од Првата детска амбасада во светот Меѓаши, како дел од тимот на Ало Бушавко и проектот #MKSafeNet, учествуваше на заедничка обука на мрежата Insafe/INHOPE, која се одржа во Амстердам, Холандија. Оваа обука претставуваше значајна можност за размена на искуства и унапредување на соработката меѓу европските центри за побезбеден интернет, телефонските линии за помош и организациите што работат на подигање на свеста за безбедно користење на интернетот.

## Студиска посета - Осијек, Хрватска




Од 2 до 4 април 2025 година, дел од тимот на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши реализира студиска посета во Осијек, Хрватска, во рамки на проектните активности. Посетата се одржа во соработка со Centar za nestalu i zlostavljanu djecu и овозможи размена на искуства, добри практики и взаемна поддршка меѓу организации кои работат на заштита на децата од онлајн сексуално насилство и експлоатација. Учесниците имаа можност да се запознаат со регионални и европски модели за превенција и поддршка, како и да дискутираат за нивната примена во локален контекст. Секоја минута од посетата ја нагласи важноста на поврзувањето и учењето едни од други, со цел да се изградат заеднички решенија и да се зајакне регионалната соработка. Оваа активност придонесе за создавање основа за понатамошни иницијативи и партнерства насочени кон подобрување на системите за заштита на децата во дигиталната средина и за градење посигурна иднина за младите.

### Женска креативна работилница за молерисување



На 10 април 2025 година беше реализирана женска креативна работилница за молерисување, организирана од SIEC Macedonia – Центар за социјална интеграција и зајакнување и Првата детска амбасада Меѓаши. Работилницата се одржа во позитивна и поддржувачка атмосфера, каде учесничките активно придонесоа во реновирање на просторот што ќе се користи за идни активности со деца и млади. Настанот имаше двоен ефект – практично подобрување на просторот и симболично рушење на родови стереотипи, промовирајќи еднакви можности и учество на жените во активности кои традиционално се сметаат за „машки“. Работилницата претставува пример за заедничка акција која поттикнува креативност, солидарност и родова еднаквост.

## Реновирање на просториите на Меѓаши во соработка со студенти од Холандија



Во текот на 2025 година, просториите и дворот на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши беа реновирани со поддршка и активна вклученост на група студенти од Холандија, во соработка со здружението SIEC - – Центар за социјална интеграција и зајакнување. Оваа иницијатива претставуваше пример за меѓународна солидарност и волонтерство, каде младите луѓе вложија време и енергија за да создадат подобри услови за работа и активности насочени кон заштита и промоција на правата на децата. Реновирањето не само што придонесе за подобрување на инфраструктурата и работната средина, туку покажа дека грижата за децата и нивните права е заедничка одговорност која ги надминува националните граници.

**Креативен почеток**

На 9 април, во амбасадата на Меѓаши се одржаа едукативни работилници во кои учествуваа ученици од ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ и ООУ „Љубен Лапе“ од Скопје, како и нивни врсници од Романија. Работилниците беа осмислени како простори за креативност и размена на идеи, преку активности како џиновска сложувалка „Поттикни мир“, пантомима за детски права и отворени дискусии. Учениците покажаа голем интерес и активно учествуваа, а посебен акцент беше ставен на претставување на линијата Ало Бушавко како достапна и доверлива поддршка за секое дете.

**Меѓународна соработка за дигитална безбедност преку учество на БИК+ мрежата - Helpline Early Warning Group meetings**




Линијата Ало Бушавко активно учествува во Helpline Early Warning Group, дел од иницијативата Better Internet for Kids, за размена на информации за онлајн ризици и трендови меѓу европските линии за поддршка. Целта е рана идентификација на закани и зајакнување на дигиталната безбедност на младите. Ало Бушавко е официјална линија при Националниот центар за безбеден интернет, која ги прима дојавите и пријавите за сите облици на дигитално насилство. Тоа го остварува преку партнерство на проектот MKSafeNet, поддржан од Министерството за дигитална трансформација и ЕУ.

**Презентиран годишниот извештај за работата на Ало Бушавко – телефон за деца и млади**



На 24 април 2025 беше одржана прес-конференција на која беше презентиран годишниот извештај за работата на Ало Бушавко (070 390 632) за 2024 година. Во текот на годината беа евидентирани 208 повици, а 222 деца и млади добија психосоцијална поддршка преку линијата. Ало Бушавко останува безбеден и доверлив простор за децата и младите, каде што можат да се обратат 24/7 за разговор, разбирање и стручна помош. Посебна благодарност беше изразена до сите операторки, волонтери, институции и медиуми кои ја поддржуваат оваа важна мисија.

**3 Обуки за нови волонтери на "Ало Бушавко"**



Во рамките на 2025 година на линијата се вклучија 6 нови волонтерки и 4 практиканти - студенти од Институтот за социјална работа и политика при Филозофскиот факлтет. Волонтерите се клучен дел од нашиот тим – нивниот ангажман е од огромно значење за поддршката што ја нудиме. Тие не само што учат, туку и активно придонесуваат за подобрување на менталното здравје и благосостојбата на младите. Обуките опфатија теми поврзани со предизвиците со кои се соочуваат децата и младите во различни средини: семејство, училиште и градинка, а беа опфатени и итните случаи поврзани со самоубиствени мисли и обиди за самоубиство.

**Работилници за детски права**

Во текот на првото полугодие од 2025 година, тимот на Ало Бушавко активно учествуваше во организирање и реализација на низа едукативни работилници и презентации посветени на детските права и одговорности, мировното образование и безбедноста на интернет. Овие активности беа насочени кон подигнување на свеста кај децата и младите за нивните права и начините на нивна заштита, со посебен акцент на претставување на телефонската линија Ало Бушавко.






**Работилница за јакнење на капацитетите за справување со дигитално насилство и CSAM кај деца и млади**



На 24 и 25 ноември 2025 година ја реализиравме работилницата за јакнење на капацитетите за справување со дигитално насилство и CSAM кај деца и млади во рамки на проектот „Центар за побезбеден интернет - МкСафеНет". Работилницата значајно придонесе кон продлабочување на знаењата за различните форми на дигитално насилство, нивното навремено препознавање и ефективна превенција, како и кон унапредување на вештините на оператор(к)ите и стручните лица кои претставуваат прва линија на поддршка за жртвите. Особено ни значеше присуството на претставници од други граѓански организации кои управуваат со СОС линии или се вклучени во обезбедување помош и поддршка. Нивното учество овозможи размена на искуства, отвори нови перспективи и ја зајакна взаемната соработка во борбата со насилството во дигиталниот простор.

**Медиумска покриеност**

Во текот на 2025 година, тимот на Ало Бушавко учествуваше во активности за јавна информираност и медиумска покриеност на теми поврзани со заштита на децата. Преку медиумско присуство, се овозможи пренесување на стручни пораки до пошироката јавност, со фокус на превенција на ризични ситуации, препознавање на знаци на злоупотреба и поттикнување на доверба на телефонската линија како безбеден канал за поддршка и советување.










**Волонтер(к)и и активист(к)и за 2025**



Во 2025 година, Меѓаши додели признанија и благодарници како израз на искрена благодарност за посветениот придонес во заштитата на правата и добросостојбата на децата.

Признанието „Волонтерка на годината“ им беше доделено на Весна Цајкова и Стефани Стојановска за нивниот исклучителен волонтерски ангажман, одговорност и вредности. Признанието „Активист на годината“ им беше доделено на Стојан Стојчевски и Никола Стојкоски за нивниот значаен придонес во борбата против сексуалната злоупотреба и експлоатација на деца (CSAM), унапредувањето на безбедноста на децата во дигиталниот простор и поддршката на организациските процеси. Воедно, беа доделени благодарници на 10 волонтери за нивниот континуиран ангажман, посветеност и несебична поддршка на активностите на организацијата во текот на 2025 година.




ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ

МЕЃАШИ

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА

НИЕ СМЕ ИДНИНАТА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА